# Закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување

**Член 1**

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 98/2012, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15 и 97/15) во членот 11 став (1) точката 14) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка.

Точката 15 се брише.

Во ставот (2) по бројот „9“ запирката се менува со свизрникот „и“ а по бројот „14“ зборовите „и 15“ се бришат.

**Член 2**

Во член 28-а зборовите „и 15“ се бришат.

**Член 3**

Во член 118 во ставот (1) зборовите „и 15“ се бришат.

**Член 4**

Во член 119 во ставот (1) зборовите „и 15“ се бришат.

**Член 5**

Во член 120 ставот (4) се брише.

**Член 6**

Во член 125 ставот (7) се брише.

**Член 7**

Во член 148 ставот (2) се брише.

Ставот (3) станува став (2).

**Член 8**

Во член 198 ставот (2) се брише.

**Член 9**

Во член 199 став (1) во точката 6), точката и запирката на крајот од реченицата се заменува со точка.

Точката 7) се брише

Ставот (2) се брише.

**Член 10**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собрание на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

**Член 11**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 август 2015 година.